(8) Финансиската поддршка од делот II за подмерката 1.4. „Финансиска поддршка за продадени количини на домат и краставица произведени под контролирани услови“ од оваа програма ќе се врши врз основа на поднесено барање за продадени количини на домат во период од 5 април до 31 мај 2023 година и краставица од 5 април до 15 мај 2023 година произведени под контролирани услови, најдоцна до 15 септември 2023 година, заедно со финансови документи за извршена продажба (кога се плаќа на сметка се доставува фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура, банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација, договор/изјава за цесија со банков извод за помината цесија, картица за партија, договор за одложено плаќање заверен на нотар, а кога се плаќа во готово се доставува фискална сметка и банков извод за извршена уплата на готовина од дневен пазар или извозно царинска декларација за остварен извоз, фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура, банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација, договор/изјава за цесија со банков извод за помината цесија, картица за партија, договор за одложено плаќање заверен на нотар).

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8440/4
22 август 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**3222.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19) директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИ И НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Член 1

Во Правилникот за услови и начин на организирање на воздухопловни манифестации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/12 и 169/16), членот 3 се менува и гласи:

„(1) Воздухопловна манифестација, вклучувајќи и генерална проба може да се одржи во воздушен простор претходно резервиран на начин согласно член 11 од Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор.

(2) Висината на резервираниот воздушен простор треба да биде најмалку 1000 метри (3000 стапки) над определената максимална работна висина за време на воздухопловната манифестација (бафер зона).“

Член 2

Во членот 4 во воведната реченица зборот „кноти“ се заменува со зборот „јазли“.

Член 3

Членот 14 се менува и гласи:

„На воздухопловна манифестација може да учествуваат само воздухоплови кои се регистрирани, имаат доказ за пловидбеност или употребна дозвола, валидна осигурителна полиса за штети на трети лица и поседуваат гаранција за техничка исправност најмалку на ниво на извршен 50 часовен повремен преглед.“

Член 4

Членот 16 се менува и гласи:

„На воздухопловна манифестација не може:

- да учествуваат воздухоплови без воспоставена двострана радио врска помеѓу воздухопловот и раководителот на летањето доколку манифестацијата се одржува на спортски аеродром или леталиште односно воздухопловот и контролата на летање доколку манифестацијата се одржува во контролиран воздушен простор (CTR) и
- да учествува екипаж со кој раководителот на летањето, односно контролата на летањето не може да комуницира на македонски или на англиски јазик.“

Член 5

Во член 17 став (2) во точката 5 зборовите „500 метри (1500 стапки)“ се заменуваат со зборовите „300 метри (1000 стапки)“.

Член 6

Во член 18 ставот (1) се менува и гласи:

„На воздухопловна манифестација не можат да се вршат летови на авион со млазен погон при кој се изведува симулиран престанок на работа на мотор.“

Член 7

Во член 20 во точката 4 зборовите „350 метри“ се заменуваат со зборовите „150 метри“.

Во точката 5 зборовите „500 метри (1500 стапки)“ се заменуваат со зборовите „300 метри (1000 стапки)“.

Член 8

Во член 28 во ставот (2) зборовите „добиена согласност од давателот на услуги на воздухопловна навигација“ се заменуваат со зборовите „донесена одлука согласно член 11 од Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор“.

Ставот (3) се брише.

Член 9

Во член 29 став (3) точката 5. се менува и гласи:

„Одлука за резервирање на воздушниот простор согласно член 11 од Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор.“.

Член 10

Во членот 30 во точката 8 зборовите „за решенијата за финансирање на манифестацијата,“ се бришат.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-813/3
23 август 2023 година
Скопје

Агенција
за цивилно воздухопловство,
Директор,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.